ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 7 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.12.2018 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 ГОДИНА

1. Во Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/18) во делот „II. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА“ во точката „1.1.1.Организирање и подготвување на крводарителски акции“, табелата се заменува со нова табела, која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| За планирани 56.449 крводарувања на ООЦК | 100,00 ден | 5.644.900,00 |
| Вкупно: | | 5.644.900,00 |

“

Во точката „1.3. Средства за надоместок за партиципација“ износот „8.408.500,00“ се заменува со износот „13.263.600.00”, а табелите се менуваат и гласат:

„

| | |
|---|---|
| Партиципација за крводарители по приложени пресметки | 13.263.600,00 |

“

„ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА“

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.1.1. | Организација на крводарителство | 5.644.900,00 |
| 1.1.2. | Здравствено-воспитни и пропагандни материјали | 304.000,00 |
| 1.1.3. | Јубилејни признанија и мотивациони средства | 400.500.00 |
| 1.1.4. | Организирање на едукативни форми | 150.000,00 |
| 1.2. | Активности на Институт за трансфузиона медицина | 237.000,00 |
| 1.3. | Средства за партиципација | 13.263.600,00 |
| **ВКУПНО:** | | **20.000.000,00** |

“

Во делот „IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“ во вториот и во петтиот ред износот „15.000.000,00“ се заменува со износот „20.000.000,00“, а износот „10.000.000,00“ се заменува со износот „15.000.000,00”.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44- 10610/1
11 декември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.